РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ

Скопје, март 2010 година

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
**Содржина**

Со овој закон се уредува основањето, организацијата, работењето, финансирањето и престанокот на стопанските комори и Унијата на стопанските комори.

**Член 2**
**Основање и цели**

За унапредување на стручните и деловни обичаи и норми, како и за застапување и заштита на интересите, стопанските субјекти на територијата на Република Македонија, основаат стопански комори.

**Член 3**
**Регистрација, непрофитабилности и одговорности**

Комората е независна и самостојна организација со својство на правно лице.

Својството на правно лице комората го стекнува со денот на уписот во трговскиот регистар (во натамошниот текст: регистар), што го води Централниот регистар на Република Македонија„.

Комората е непрофитна организација.

Доколку во работењето комората оствари добивка по било која основа од овој закон, таа мора да биде употребена исклучиво за поддржување и остварување на целите и задачите заради кои е основана.

Комората за своите обврски одговара со целиот свој имот.

**Член 4**
**Членство**

Во комората се зачленуваат правни и физички лица со седиште во Република Македонија, кои вршат трговска дејност, односно се запишани во трговскиот регистар.

Во комората можат да се зачленуваат и други субјекти кои со својата дејност придонесуваат за унапредување на работењето на стопанството.

**Член 5**
**Коморска членарина**

Членовите на комората плаќаат коморска членарина.

Членството во комората е доброволно.

Зачленувањето во Комората и истапувањето од неа е слободно и на доброволна основа.

**Член 6**
**Име на комората**

Секоја комора има име.

Комората може да употребува и скратена ознака на името доколку тоа е запишано во регистарот.

**Член 7**
**Јавност**

Работата на комората е јавна.

Јавноста на работата на комората се обезбедува особено преку:

- постојано информирање на членството за работата на комората;
- објавување на одлуките на органите на комората на начин отврден со статутот;
- издавање на брошури, списанија и слично и
- други облици што поблиску ќе се уредат со статутот на комората.

## II. ОСНОВАЊЕ НА КОМОРИТЕ

### Член 8
### Основање на комората

Основачи на комората можат да бидат најмалку 50 правни или физички лица, запишани во трговскиот регистар.

Комората се основа на Собрание на основачите на кое се донесува Одлука за основање, статут и се избираат органите на комората.

### Член 9
### Одлука за основање

Одлуката за основање на комората содржи:

- податоци на основачите;
- име, седиште и адреса на комората;
- цели и задачи на комората;
- име на овластеното лице кое ќе ги претставува и застапува во правниот промет и
- органи на комората.

### Член 10
### Статут на комората

Статутот на комората содржи:

- име и седиште на комората;
- цели и задачи на комората, облици и начин на дејствување;
- органи, начин на избор и надлежности;
- траење на мандатот на органите и начинот на одлучувањето на членовите;
- начинот на управување и одлучување во комората;
- содржина и облици на остварувањето соработка со други комори;
- остварување на јавност во работата;
- начин на обезбедување средства за работа на комората;
- положба и задачи на стручните служби;
- постапување со имотот на комората во случај на престанок на комората
- пристапување на комората како членка, во Унијата на коморите.
- други прашања утврдени со закон.

Статутот го донесува Собранието на комората.

На одредбите на статутот на комората, кои се однесуваат на вршењето јавни овластувања, согласност дава Владата на Република Македонија.

### Член 11
### Органи на комората

Органи на комората се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Надзорен одбор и
- Претседател.

### Член 12
### Состав на Собранието

Собранието на комората е највисок орган на комората, кое го сочинуваат сите членови на комората.

Со статутот на комората може да се предвиди собранието да биде составено од претставници на повеќе членови на комората.

Собранието од ставот 2 на овој член се конституира од претставници чиј број, мандат, начин на избор и отповикување се определува со статутот на комората.

## Член 13
## Надлежности на Собранието на комората

Собранието на Комората ги има следните надлежности:
- донесува статут и други акти како и нивни измени и дополнувања;
- донесува годишна програма за работа на комората и финансиски план;
- го усвојува извештајот за спроведување на годишната програма за работа и финансискиот план,
- ја утврдува висината на членарината и другите средства за финансирање на комората;
- го избира и разрешува претседателот на Комората,
- ги избира и разрешува членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор,
- избира органи на комората,
- врши и други работи во согласност со статутот и другите акти на комората и
- одлучува за начинот на здружување во посебни организациони облици и зачленување во Унијата на коморите;

## Член 14
## Начин на работа на Собранието и одлучување

Собранието може полноправно да работи доколку се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на собранието.
Собранието одлучува за прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието, доколку со Статутот на Комората поинаку не е определено.
За прашањата од член 13 алинеи 1, 2, 3 и 4 Собранието одлучува со двотретинско мнозинство гласови од присутните членови на Собранието, а за прашања од член 13 алинеи 5,6,7 и 8, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.
Со Статутот на Комората може да се утврдат и други прашања за кои Собранието одлучува со двотретинско мнозинство гласови од присутните членови на Ссобранието.

## Член 15
## Управен одбор

Управниот одбор на комората е орган на управување.
Бројот на членовите на Управниот одбор, начинот на изборот, како и надлежностите, поблиску се уредуваат со статутот на комората.

Управниот одбор:
- ги подготвува седниците на Собранието на комората;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- донесува одлуки во врска со спроведувањето на програмата за работа, финансискиот план и другите акти на Собранието на комората;
- дава иницијативи и зазема ставови за донесување закони и други прописи и акти кои се од интерес на комората;
- донесува одлуки врз основа на статутот на комората ,
- врши други работи утврденисо статутот на комората и
- донесува акти за организација, систематизација и делокруг на работа на стручните служби во согласност со закон и статутот на комората.

## Член 16
## Надзорен одбор

Надзорниот одбор врши надзор врз законитоста, материјално-финансиското работење и правилноста на работата на комора и за својата работа го известува Собранието на комората.

Начинот на избор на членовите на Надзорниот одбор, надлежноста, како и начинот на вршење на надзорот, комората поблиску го уредува со статутот.

### Член 17
### Претседател на комората

Претседателот на комората ја застапува и претставува комората, раководи со нејзината работа и ги извршува одуките и заклучоците на нејзините органи.

Претседателот на комората е одговорен за законитоста на работењето на комората и има овластувања утврдени со статутот на комората.

### Член 18
### Стручни служби на комората

Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на комората ги вршат стручните служби на комората.

### Член 19
### Регистрација на комората

Комората е должна во рок од 30 дена од донесувањето на актот за основање на поднесе пријава за упис во регистарот .
Со пријавата за упис во регистарот, се поднесува:
- акт за основање;
- статут на комората и
- името на овластеното лице за застапување на комората.

### Член 20
### Упис во регистарот

Централниот регистар на Република Македонија е должен во рок од 5 дена од денот на поднесувањето на пријавата за упис да донесе решение за упис.
Решението за упис во регистарот содржи содржи:
- дата на донесување на решението;
- реден број;
- име на комората;
- седиште .

Податоците запишани во регистарот се објавуваат на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија .

### Член 21
### Статусни промени

Комората која извршила изменување и дополнување на актот за основање или статутот, е должна во рок од 30 дена да поднесе барање до Централниот регистар на Република Македонија за запишување на извршените измени и дополнувања во регистарот.
Со барањето се доставува одлуката за изменување и дополнување на актот за основање или статутот, записник од седницата и примерок од новите акти.

## III. ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ И ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ

### Член 22

Во рамките на комората, како облици на организирање и работење може да се организираат здружанија според дејности, регионални комори и други форми на организирање и работење.

### Член 23
### Здруженија според дејности

Здружение според дејност, односно дејности се организира од членовите на Комората распоредени во определена дејност, односно дејности и е стручен облик на

организирање и работење преку кој членовите на Комората самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од интерес за соодветна дејност, односно дејности.

**Член 24**

Здружение се организира за една или повеќе дејности на стопанството, врз основа на интересите на членовите на комората.

Секој член на комората непосредно се поврзува во едно здружение, во зависност од регистрираната дејност која е доминантна во неговото работење, односно според интересот што го остварува во соодветно здружение.

Организацијата, начинот на работењето, раководењето и изборот на органите на здружението се уредува во согласност со овој закон и Статутот на комората.

**Член 25**

**Регионални комори**

Во рамките на комората, на начин утврден со Статутот се организираат регионални комори преку чие функционирање се обезбедува децентрализација на коморските задачи и активности и самостојно одлучување за работите и задачите на комората од особено значење за регионот за чие подрачје е организирана.

Две или повеќе општини можат да основаат регионална комора.Во градот Скопје, исто така,се основа регионална комора.

Организацијата, начинот на работењето, раководењето и изборот на органите на регионални комори се уредува во согласност со овој закон и Статутот на комората.

**Член 26**

**Други форми на организирање и работење**

Во рамки на комората може да се организираат и да дејствуваат секции, одбори и други форми на организирање и работење, заради ефикасно остварување на специфични интереси во одредено подрачје, дејност и слично, во согласност со Статутот на комората.

## IV.РАБОТА НА КОМОРАТА

**Член 27**

**Активности на комората**

Комората од членот 2 на овој закон ги презема следните активности:

- развој на пазарното стопанство, слободното претприемништво и поттикнување на конкуренцијата;
- подобрување на ефикасноста на работата и работењето на членовите и нивната организираност, како и оспособување на кадрите;
- давање стручна помош на нивните членови во развојот на одделни дејности, усвојување и воведување на современи технологии и методи на работење;
- поттикнување и координирање на истражувањата и развојот на техничко-технолошките достигнувања;
- обезбедување на квалитетна и ефикасна стручна помош и деловни услуги за членовите;
- насоченост кон промоција на стоките и услугите, економската пропаганда, организирање на саеми, учество во развивањето на надворешно-трговските работи ;
- забрзување на развојот на малото стопанстов; организирање стручно оспособување, преквалификација и доквалификација на стручни кадри;
- развивање и организација на единствен информациски систем и деловно информирање за значајни податоци од домашната и светската економија за развојни проекти, актуелни специјализирани информации од кредитно-монетарната, даночната, царинската политика и пазарот, технологијата и за извозните и увозните можности;
- застапување на интересите на членовите пред државните органи, посебно во подготвување на законодавството од областа на стопанството, мерките и

механизмите на стопанскиот систем и економската политика и утврдување на макроекономската и развојна политика и информирање за подготовките и промените на законските и други процеси од областа на стопанството;
- давање мислења на органи на државната управа, институции, организации и други правни субјекти за областа за која е основана,
- вршење и други работи од интерес на членовите на комората,
- застапување на интересите на членките на комората преку учество на претставници на комората во во Комисии, Совети или други работни тела формирани со закон или од Владата на Република македонија, односно од органи на државната управа-министерствата од определена област.

Работите од ставот 1 на овој член, комората поблиску ги уредува со статутот.

**Член 28**
**Јавни овластувања**

Комората може да врши јавни овластувања утврдени со закон.

Надзорот над вршењето на јавните овластувања, го врши надлежното министерство од соодветната област.

За вршење на јавните овластувања, комората поднесува годишен извештај до надлежното министерство од соодветната област.

## V. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА

**Член 29**
**Начини на финансирање**

Комората се финансира од:
- членарина;
- посебен наменски придонес што членовите го обезбедуваат заради остварување на посебен интерес (да се прецизира кој е посебен интерес како и критуериуми врз основа на кои ќе се утврдува висината на овој надоместок);
- наплата од извршени услуги и
- други извори.

Комората самостојно ја утврдува основицата за пресметка, висината и начинот на плаќање на членарината и другите придонеси.

Висината на наплатата за извршените услуги на комората во вршење јавни овластувања ја утврдува Управниот одбор на комората по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Собранието на комората може да дозволи ослободување од плаќање на членарината под одредени услови и критериуми утврдени со статутот на комората.

Контролата врз наплатата на членарината ја врши надзорниот одбор, а надзорот над трошењето на средствата, покрај надзорниот одбор на комората го врши и независно ревизорско друштво.

## VI. СУД НА ЧЕСТА

**Член 30**

Комората може да формира Суд на честа како независен орган.

Надлежноста, составот, организацијата, финансирањето, начинот на избор, како и разрешувањето на членовите на Судот на честа се утврдуваат со акт на комората.

**Член 31**

Судот на честа се грижи за развивање, остварување и зајакнување на добрите деловни обичаи и деловниот морал.

Судот на честа одлучува за повреда на добрите деловни обичаи, за неизвршување на обврските на членовите на комората, како и за други повреди на актите на комората за чии повреди може да се изречат мерки согласно со статутот на комората.

## VII. ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД – АРБИТРАЖА ПРИ КОМОРАТА

**Член 32**

При комората може да постои Постојан избран суд – Арбитража како независен орган.

**Член 33**

Постојаниот избран суд – Арбитража решава со посредување или одлучување за меѓусебните деловни спорови меѓу членовите на Комората, меѓу членови на Комората и трети лица, како и меѓу други правни лица од земјат аи странство, за тие спорови, ако странките ја договорат надлежноста на овој суд.

Одлуките на Постојаниот избран суд – Арбитража се конечни и имаат сила на правосилна пресуда.

**Член 34**

Надлежноста, составот и организацијата на Постојаниот избран суд – Арбитража, начинот на избор и разрешувањето на неговите членови и постапката по предметите од неговата надлежност се утврдуваат со општ акт кој го донесува Собранието на Комората.

## VIII. УНИЈА НА КОМОРИ

**Член 35**

Во рамките на своите активности утврдени со овој закон и статутот, стопанските комори во Република Македонија, може да соработуваат со стопанските комори на други држави, меѓународни стопански организации, како и со органи и други институции на Република Македонија.

**Член 36**

За заедничко унапредување на својата работа и активности, за усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која се основани, за остварување на други прашања од заеднички интерес, за обезбедување на единствен професионален интерес на стопанските комори и другите облици на поврзување на стопанските субјекти во односите со државните органи и со меѓународната заедница се формира Унија на стопански комори (во понатамошниот текст:„Унија”).

**Член 37**

Унијата има статус на правно лице.

За своите обврски Унијата одговара со целиот свој имот.

Унијата се запишува во регистерот на комори што го води Централниот регистар на Република Македонија..

Ниту еден друг облик на коморско здружување не може да го користи името Унија на стопански комори.

**Член 38**

**Членство во Унијата**

Секоја стопанска комора има право да се зачлени во Унијата . Членувањето во Унијата е задолжително (доброволно).

Поблиските односи помеѓу коморите што се здружуваат во Унија ќе се уредат со статутот и актот за основање на правното лице-Унија.

**Член 39**

**Активности на Унијата**

Активности на Унијата се:

- дава предлози за мерки за олеснување на водењето деловни активности и за отстранување на непотребните административни пречки во работењето на стопанските субјекти;

- го поттикнува и поддржува дијалогот помеѓу јавниот и приватниот сектор во Република Македонија;
- настојува да се постигне консензус во врска со најважните економски проблеми со кои се соочува Република Македонија;
- учествува во изработка на извештаи за економските состојби во Република Македонија;
- учествува во надзорот и евалуацијата на процесот на имплементација на мерките за спроведување на економските реформи за подобрување на конкуренстноста на македонската економија;
- учествува во креирањето на политиките за унапредување на економските и трговските односи со Европската Унија и други релевантни меѓународни и/или регионални организации;
- дава свој придонес во промовирањето на Република Македонија како поволна дестинација за странски вложувања како и препораки за дестинации за вложувања на домашни инвеститори во странство;
- дава свое стручно мислење за извозно-увозниот режим во државата и за спречувањето на нелојалната конкуренција помеѓу домашните и странските инвеститори;
- дава стручно мислење при изготвувањето на законски и подзаконски акти поврзани со деловното работење на стопанските субјекти во Република Македонија;
- настојува да развие стратегија за создавање одржливо конкуренстско опкружување во Република Македонија и зголемување на конкурентноста на македонската економија;
- обезбедува професионална соработка помеѓу членките на Унијата;
- врши собирање, систематизација и објавување на информации од заеднички интерес за членките на Унијата;
- врши собирање, систематизација и објавување на трговски обичаи, добри деловни практики, узанси кои се од интерес за работењето на стопанските субјекти;
- објавува упатства, препораки и други практични водичи за водење деловни потфати;
- одлучува за зачленување во меѓународни трговски и други релевантни организации;
- организира домашни и меѓународни средби и други собири (саеми, изложби);
- учествува на меѓународни средби и други собири;
- одлучува за отворање на претставништва и канцеларии за врски на Унијата во странство;

**Член 40**

**Органи на Унијата**

Органи на Унијата се:

- Генерално собрание
- Одбор на директори
- Извршен директор

**Член 41**

**Генерално собрание на Унијата**

Генералното собрание на Унијата се конституира од делегати кои се номинираат од страна на членките на Унијата.

Членките на Унијата при номинирањето на делегатите определува и нивни заменици, кои учествуваат во работата на Генералното собрание во случај на оправдано отсуство на номинираниот делегат.

Мандатот на делегатите изнесува 4 (четири) години.

Во зависност од бројот на членови во членките на Унијата, секоја членка има право да номинира повеќе од еден делегат во Генералното собрание на следниот начин:

- до 100- членки, прв делегат
- над 100 –членки, втор делегат
- над 500 – членки, трет делегат
- над 1000 – членки, четврт делегат
- над 3000 – членки, петти делегат

Секоја членка на Унијата може да биде претставена во Генералното собрание со по најмногу 5 (пет) делегати.

**Член 42**

**Претседател на Генералното собрание**

Делегатите во Генералното собрание избираат Претседател на Генералното собрание.

Претседателот на Генералното собрание на Унијата ја застапува и претставува Унијата во односите со трети лица.

**Член 43**

**Надлежност на Генералното собрание**

Основни надлежности на генералното собрание се:

- усвојување на статут на Унијата
- именување и разрешување на Претседател на Генералното собрание
- именување и разрешување на членови на одборот на директори на Унијата
- воспоставување и развој на соработка помеѓу членките на Унијата;
- усвојување на годишните извештаи за работа и други извештаи на Унијата
- усвојување на годишниот буџет на Унијата
- други надлежности кои не се во исклучива надлежност на другите органи на Унијата

**Член 44**

**Одбор на директори на Унијата**

Унијата има одбор на директори кој е составен од 5 (пет) членови, вклучувајќи го и Претседателот на Генералното собрание.

Одборот на директори е орган на управување со Унијата.

При конституирањето на одборот на директори мора да се обезбеди соодветна застапеност на членките на Унијата, согласно нивната големина и бројот на нивното активно членство.

Одборот на директори се свикува најмалку еднаш месечно.

Претседателот на Генералното собрание на Унијата е истовремено и претседател на одборот на директори.

Мандатот на членовите на одборот на директори изнесува 4 (четири) години.

**Член 45**

**Надлежности на одборот на директори**

Надлежноста на Одборот на директори се утврдува со Деловник за работа.

**Член 46**

**Извршен директор на Унијата**

Одборот на директори назначува извршен директор како раководно лице кое го води секојдневното работење на Унијата во согласност со одлуките, насоките, упатствата и налозите добиени од страна на одборот на директори.

Унијата склучува договор за уредување на меѓусебните односи со извршниот директор.

**Член 47**

**Стручна служба**

Стручните, административно техничите, помошните и другите работи за потребите на Унијата ги врши стручна служба на Унијата, во согласност со закон, статутот и други општи акти на Комората. Општите и посебните акти со кои се уредува

работењето на стручната служба на Комората, раководењето со нејзиното работење, работниот однос на работниците и другите општи акти на стручната служба ги донесува Одборот на директори на Унијата во согласност со закон и статутот на Унијата.

Извршниот директор ја застапува Унијата во имотните и другите правни работи, раководи и ја организира работата на стручната служба и врши други работи во согласност со општите акти на Комората.

**Член 48**
**Средства за работа на Унијата**

Унијата се финансира од:

- членарина, на начин што секоја членка на Унијата уплаќа 5 (пет) проценти од своите вкупни годишни приходи (од претходната финансиска година) во буџетот на Унијата;
- посебен наменски придонес што членките го обезбедуваат заради остварување на посебен интерес;
- наплата од извршени услуги,
- донации, грантови,
- продажба на публикации
- и други извори.

## IX. ПРЕСТАНОК НА КОМОРАТА И УНИЈАТА

**Член 49**

Комората и Унијата престануваат:

- со одлука за престанување на комората од страна на Собранието на комората и Собранието на Унијата донесена од двотретинско мнозинство,
- со ликвидација,
- со стечај и
- во други случаи определени со закон.

Лицето кое ја застапува комората и Унијата е должно за околностите од ставот 1 на овој член да го извести Основниот суд во рок од 15 дена од денот на нивното настанување. Престанокот на комората се запишува со решение.

**Член 50**

По престанокот на работа на комората и Унијата, имотот и средствата што остануваат по намирувањето на обврските се користат на начин утврден со статутот на комората и унијата.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат: Законот за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.88/04) и Законот за стопанските комори („Службен весник на Република Македонија„ бр.54/02 и 84/05).

**Член 52**

Стопанските комори регистрирани според законите наведени во претходниот член, должни се да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од 6 месеци, сметано од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 53**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.